# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА | 25.04.2025 ГОДИНА | ПРИМЕРОКОТ Е |
| ОПШТИНА БОСИЛОВО | Б О С И Л О В О | Б Е С П Л А Т Е Н |
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | БР.58 ГОД.30 | |


## С о д р ж и н а


1.Одлука за сопствено учество во реализација на проект„Реконструкција на дел од водоводна мрежа во с.Иловица и с.Штука-реконструкција на три резервоари“.
2.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на општина Босилово за 2025 година.
3.Заклучок за усвојување на кварталното извршување на Буџетот на општина Босилово за прв квартал 2025 година (Образец К1,К2 и К3).
4.Одлука за проширување на средствата во Буџетот на општина Босилово за 2025 година.
5.Одлука за сопствено учество во реализација на проект „Набавка на специјализирано возило и канти за собирање на комунален отпад“.
6.Одука за давње на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управниот Одбор на ЈПКД„Огражден“-Босилово за линеарно зголемување на платата на вработените во ЈПКД„Огражден“-Босилово.
7.Одлука за прогласување на елементарна непогода-голомразица што ја зафати територијата на општина Босилово на 7 Април 2025 година.
8.Одлука за доделување на финансиски средства на Иницијативниот Одбор на фолклорната манифестација„Ѓурѓовден под Огражден“која ќе се одржи на ден 05.05.2025 година во с.Дрвош,во висина од 50.000 денари.
9.Одлука за доделување на финансиски средства на лицето Киро Донев како спонзорство за издавање на книгата под наслов „Приказни за нашите краишта“ во висина од 20.000 денари.
10.Одлука за доделување на финансиски средства на Иницијативниот Одбор на црквата „Св.Атанасие“-Босилово како спонзорство на традиционалниот ручек по повод весркиот празник „Св.Тома“,во висина од 20.000 денари.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-1279/1 за сопствено учество во реализација на проект„Реконструкција на дел од водоводна мрежа во с.Иловица и с.Штука-реконструкција на три резервоари“, донесена на педесетиосмата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 25.04.2025 година.

Бр.09-1289/1 Општина Босилово
25.04.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Босилово (,,Службен гласник на општина Босилово,,бр.21/2014) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 25.04.2025 година донесе:

***ОДЛУКА***
**за сопствено учество за реализација на проект**

**„Реконструкција на дел од водоводна мрежа во с. Иловица и с. Штука“– реконструкција на три резервоари за вода**

Член 1

Општина Босилово ќе учествува со сопствени средства во реализација на проектот: „Реконструкција на дел од водоводна мрежа во с. Иловица и с. Штука – реконструкција на три резервоари за вода“.

Член 2

Проектот ќе се спроведува врз основа на Програмата за инвестирање во животната средина и Конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2025 година објавен од страна на МЖСПП.

Член 3

Вкупната планирана вредност за реконструкција на трите резервоари за вода изнесува 5.716.742 денари. Сопственото учество ќе биде обезбедено со средства од Буџетот на општина Босилово во износ од 2.858.371 денари или 50% од вкупната вредност на проектот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-1279/1 Совет на општина Босилово
25.04.2025 година Претседател,
Босилово Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-1280/1 за давање на СОГЛАСНОСТ на измените и дополнувањата на Годишниот план за

вработување на општина Босилово за 2025 година, донесена на педесетиосмата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 25.04.2025 година.

Бр.09-1290/1 Општина Босилово
25.04.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на членовите 20 б од Закон за вработени во јавниот сектор(Сл.весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.143/2019 14/2020,95/2020,302/2020),член 32 од Законот за административни службеници (Сл.весник на РМ бр.27/14,199/14,48/15,154/15,5/16,142/16 и бр.11/18 и Сл.весник на РСМбр.275/2019,14/20,215/2021,99/2022,208/2024,210/2024)член 21 став 1 точка 43 од Статут на општина Босилово (Сл.гласник на ОБ бр.21/14),Советот на општина Босилово на седница одржана на ден 25.04.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2025 година**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2025 година на административните службеници во општинската администрација Босилово.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово".

Бр.08-1280/1 Совет на општина Босилово
25.04.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот бр.08-1281/1 за усвојување на кварталното извршување на Буџетот на општина Босилово за прв квартал 2025 година (Образец К1,К2 и К3), донесен на педесетиосмата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 25.04.2025 година.

Бр.09-1291/1 Општина Босилово
25.04.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 29 и член 79,став 1 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово"бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 25.04.2025 година,донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на кварталното извршување на Буџетот на општина Босилово за прв квартал 2025 година (Образец К1,К2 и К3)**

1.Се усвојува кварталното извршување на Буџетот на општина Босилово за прв квартал 2025 година (Образец К1,К2 и К3).

2.Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-1281/1 Совет на општина Босилово
25.04.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-1282/1 за проширување на средствата во Буџетот на општина Босилово за 2025 година, донесена на педесетиосмата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 25.04.2025 година.

Бр.09-1292/1 Општина Босилово
25.04.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/05, 04/08, 103/08 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Сл.весник на РСМ 151/21, 3/25), Советот на општина Босилово на 58-та седница одржана на 25.04.2025 година:

**О Д Л У К А**
**за проширување на средствата на Буџетот на општина Босилово**
**за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на општина Босилово за 2025 година на следниот начин:

Потпрограма
Потставка САМ
КРЕДИТИ

Се зголемуваат приходите на следните потставки

742111 Приходи од обединетите нации
0 0 5.799.720 0

**5.799.720**

И се распоредуваат на следните расходни потставки:

**ЈК Јавна чистота (капитални расходи)**
**ЈКА Набавка на специјализирано возило и канти за собирање на комунален отпад**

486120- Купување на камиони
0 0 5.108.970 0
480190 -Купување на друга опрема
0 0 690.750

**5.799.720**

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на Општина Босилово и станува составен дел на Буџетот на општината за 2025 година.

Бр.08-1282/1 Совет на општина Босилово
25.04.2025година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-1283/1 за сопствено учество во реализација на

проект„Набавка на специјализирано возило и канти за собирање на комунален отпад“ донесена на педесетиосмата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 25.04.2025 година.

Бр.09-1293/1 Општина Босилово
25.04.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 21 став 1 точка 6 од Статутот на општина Босилово (Сл.гласник на Општина Босилово бр.21/14), Советот на општина Босилово на 58-та седницата одржана на ден 25.04.2025 година донесе:

ОДЛУКА
За сопствено учество на Општина Босилово за реализација на проект “ Набавка на специјализирано возило и канти за собирање на комунален отпад“

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на општина Босилово за сопствено учество (кофинансирање) за реализација на проектот „Набавка на специјализирано возило и канти за собирање на комунален отпад“, кој се спроведува преку проектот “Зајакнување на општинските совети“-Фаза 2, финансиран од Швајцарската влада и Министерството за локална самоуправа, а кофинансиран и имплементиран од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

**Член 2**

Сопственото учество на општина Босилово согласно одобрениот буџет за реализација на проектот е во износ од 2.507.337,00 денари, од кои 2.387.940,00 денари се средства за учество во набавката на специјализираното возило и канти за собирање на комунален отпад, и 5% од оваа вредност, однсоно 119.397,00 денари, за општи услуги за управување GMS.

Вкупниот буџет на проектот изнесува 5.799.720,00 денари

**Член 3**

Реализацијата на проектот опфаќа набавка на специјализирано возило за собирање на отпад со вкупна зафатнина од 7 м³ и набавка на канти за собирање на комунален отпад 450 броја од 120 л.

**Член 4**

Средствата потребни за сопствено учество во износ од 2.507.337,00 денари, се обезбедуваат од буџетот на општина Босилово, програма Г1 – Поддршка на локалниот економски развој, потставка 464990 разни трансфери.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-1283/1 Совет на општина Босилово
25.04.2025година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-1284/1 за давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управниот Одбор на ЈПКД„Огражден“-Босилово за линеарно зголемување на платата на вработените на ЈПКД„Огражден“-Босилово,донесена на педесетиосмата седница на Советот на

општина Босилово,одржана на ден 25.04.2025 година.

Бр.09-1294/1 Општина Босилово
25.04.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 25.04.2025 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управниот Одбор на ЈПКД„Огражден“-Босилово за линеарно зголемување на платата на вработените во ЈПКД„Огражден“-Босилово**

Член 1

Се дава СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управниот Одбор на ЈПКД„Огражден“-Босилово за линеарно зголемување на платата на вработените во ЈПКД„Огражден“-Босилово.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-1284/1 Совет на општина Босилово
25.04.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-1285/1 за прогласување на елементарна непогода-големразица што ја зафати територијата на општина Босилово на 7 Април 2025 година,донесена на педесетиосмата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 25.04.2025 година.

Бр.09-1295/1 Општина Босилово
25.04.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 25.04.2025 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За прогласување на елементарна непогода-голомразица што ја зафати територијата на општина Босилово на 7 Април 2025 година**

Член 1

Се ПРОГЛАСУВА елементарна непогода-голомразица што ја зафати територијата на општина Босилово на 7 Април 2025 година.

Член 2

Се задолжува Комисијата за процена на штети од елементарни и други непогоди да изврши проценка на настанатата штета врз основа на барањата за проценка на штета на овошни насади од правни и физички лица,врз основа на Методологијата за процена на

штети од природни непогоди и други несреќи.

Член 3

Се задолжува Комисијата за процена на штети од елементарни и други непогоди да во законски утврдениот рок изготви Збирен извештај за процена на штети и истиот да го достави до Советот на општина Босилово.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила веднаш со донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-1285/1 Совет на општина Босилово
25.04.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-1286/1 за доделување на финансиски средства на Иницијативниот Одбор на фолклорната манифестација „Ѓурѓовден под Огражден“ која ќе се одржи на ден 05.05.2025 година во с.Дрвош,во висина од 50.000 денари,донесена на педесетиосмата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 25.04.2025 година.

Бр.09-1296/1 Општина Босилово
25.04.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 25.04.2025 година,донесе:

О Д Л У К А

**За доделување на финансиски средства на Иницијативниот Одбор на фолклорната манифестација „Ѓурѓовден под Огражден“ која ќе се одржи на ден 05.05.2025 година во с.Дрвош,во висина од 50.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на Иницијативниот Одбор на фолклорната манифестација „Ѓурѓовден под Огражден“ која ќе се одржи на ден 05.05.2025 година во с.Дрвош,во висина од 50.000 денари

Член 2

Финансиските средства потребни за оваа намена да се префрлат на сметка на лицето Ѓеоргиев Крсто од.с.Дрвош бр.85 ,бр.4324845273205004-Депонент НЛБ – Тутунска банка Ад Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-1286/1 Совет на општина Босилово
25.04.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“

бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-128671 за доделување на финансиски средства на лицето Киро Донев како спонзорство за издавање на книгата со наслов „Приказни за нашите краишта“,во висина од 20.000 денари,донесена на педесетиосмата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 25.04.2025 година.

Бр.09-1297/1 Општина Босилово
25.04.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 25.04.2025 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на лицето Киро Донев како спонзорство за издавање на книгата со наслов„Приказни за нашите краишта“,во висина од 20.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на лицето Киро Донев како спонзорство за издавање на книгата со наслов„Приказни за нашите краишта“,во висина од 20.000 денари

. Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-1287/1 Совет на општина Босилово
25.04.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-1288/1 за доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор на црквата „Св.Атанасие“-Босилово како спонзорство за традиционалниот ручек по повод верскиот празник “Св.Тома“ ,во висина од 20.000 денари,донесена на педесетиосмата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 25.04.2025 година.

Бр.09-1298/1 Општина Босилово
25.04.2025 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 25.04.2025 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Организациониот Одбор на црквата „Св.Атанасие“-Босилово како спонзорство на традиционалниот ручек по повод верскиот празник „Св.Тома“ во висина од 20.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на црквата „Св.Атанасие“-Босилово како спонзорство на традиционалниот ручек по

повод верскиот празник „Св.Тома“ во висина од 20.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-1288/1 Совет на општина Босилово
25.04.2025 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Совет на општина Босилово Пр